# ГЛАСИЛО
# GAZETË

ЗЕЛС
BNJVL

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**ЗЕЛС**

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË
**BNJVL**



**ЗЕЛС ќе продолжи со поддршката на општините за спроведување на граѓанската алатка –„Форуми во заедницата“**

**BNJVL do të vazhdojë me përkrahjen e mëtejme të komunave në zbatimin e veglës civile - „Forumet në bashkësi”**



**Управниот одбор на ЗЕЛС упати апел за побрзо распишување на локалните избори**

**Bordi drejtues i BNJVL-së apeloi për shpallje sa me të shpejtë të zgjedhjeve lokale**



МАРТ / АПРИЛ 2017
MARS / PRILL 2017

www.zels.org.mk



Почитувани,

ЗЕЛС на 26 април упати честитка до сите свои членки, до сите единици на локалната власт во земјава, посакувајќи им натамошно успешно спроведување на своите надлежности и обезбедување на што поголема финансиска самостојност на општините. Честитките беа упатени по повод "26 Април- Денот на општините" и 45-тиот роденден на ЗЕЛС.

Во месец март заврши десетгодишната реализација на програмата „Форуми во заедницата"поддржана од СДЦ, при што беше организирана и завршна конференција. Во рамките на овој проект досега беа реализирани многу активности а, една од позначајните беше што со поддршка на ЗЕЛС се обезбеди институционализирање на оваа нова граѓанска алатка, односно нејзино внесување во општинските статути од страна на 59 општински совети. ЗЕЛС го реализираше и процесот на сертификација на форумските модератори и обезбеди 37 лица кои се професионално подготвени и во иднина да ги реализираат форумите во сите општини во земјава. Во рамките на проектот беше обезбеден и „Прирачник во 11 чекори на форуми во заедниците", кој по повод десетгодишниот јубилеј беше ревидиран и издаден во електронска верзија и поделен на присутните на свеченоста, а обезбедена е и интернет страница www.forumivozaednicata.com.mk со значајни информации за форумите и модераторите. ЗЕЛС и во иднина ќе продолжи со поддршката на општините во спроведувањето на форумите во локалната власт.

Во услови кога не беа распишани локалните избори во законски предвидениот рок, во месец март, се доведе во прашање законитоста на времетраењето на мандатите на избраните градоначалници и советници на единиците на локалната самоуправа. Во таа насока, Управниот одбор на ЗЕЛС, на 15 март, 2017 година одржа седница на која беше разгледано мислењето што го достави Министерството за правда, како надлежно министерство за вршење на работите што се однесуваат изборниот систем, до Министерството за локална самоуправа. Во него беше посочено дека постојните членови на советите и постојните градоначалници можат да ги извршуваат своите, со Закон, утврдени надлежности до завршувањето на рокот определен од членот 16 став (1 од Изборниот законик, односно до крајот на првата половина на месец мај. Присутните членови на УО на ЗЕЛС донесоа заклучок да го поддржат ова мислење, (во услови кога нема утврдено законско решение за постапување во вакви ситуации), при што беше упатен апел за обезбедување на услови за побрзо распишување на локалните избори, бидејќи во спротивно ќе настане состојба кога општините и институциите кои се под општинска надлежност: училишта, градинки, културни установи, јавни претпријатија, противпожарни единици не ќе можат да ги извршуваат своите надлежности. На оваа седница беше усвоена и содржината на Меморандумот за соработка помеѓу ЗЕЛС и Комората на архитекти и инженери на Република Македонија, што беше потпишан на 21 март, 2017 година.

Во изминатите два месеца, ЗЕЛС имаше и други активности, меѓу кои беше и посетата на Делегација од Унија на општини од регионот Мармара, за продлабочување на досегашната соработка. Студенти од Правниот факултет и од Факултетот за политички на УАКС дојдоа во ЗЕЛС да се запознаат со активностите на Заедницата но, и со процесот на децентрализацијата на власта во Република Македонија. ЗЕЛС во овој период го публикуваше и дванаесеттиот по ред „Годишниот извештај на ЗЕЛС за 2016 година"во насока на обезбедување на поголема транспарентност во своето работење.

Со почит,

**Душица Перишиќ**

**Извршен директор на ЗЕЛС**

Të nderuar,

BNJVL më 26 prill, u uroi të gjitha anëtareve të saj, njësive të pushtetit lokal në vend, duke u dëshiruar zbatim të mëtejmë të suksesshëm të kompetencave të tyre dhe sigurim të pavarësisë më të madhe financiare të komunave. Urimet u dërguan me rastin e ,,26 Prillit – Ditës së komunave" dhe ditëlindja e 45-të e BNJVL-së.

Në muajin mars përfundoi realizimi dhjetëvjeçar i programit ,,Forume në bashkësi" të përkrahur nga SDC, me ç'rast u organizua edhe konferenca përfundimtare. Në kuadër të projektit në fjalë deri më tani u realizuan shumë aktivitete, ndërsa një ndër aktivitetet më të rëndësishme ishte që me përkrahjen e BNJVL-së u sigurua institucionalizimi i kësaj vegle të re qytetare, respektivisht vendosja e së njëjtës në statutet komunale nga ana e 59 këshillave komunale. BNJVL realizoi edhe procesin e certifikimit të moderatorëve të forumeve dhe siguroi 37 persona të cilët janë përgatitur në mënyrë profesionale edhe në të ardhmen t'i realizojnë forumet në të gjitha komunat në vend. Në kuadër të projektit u sigurua edhe ,,Doracaku në 11 hapat e forumeve në bashkësi", me rastin e jubileut dhjetëvjeçar u revidua dhe botua në versionin elektronik dhe i'u nda të pranishmëve në solemnitetin e mbajtur, ndërsa u sigurua edhe faqja e internetit www.forumivozaednicata.com.mk me informacione të rëndësishme për forumet dhe moderatorët. BNJVL edhe në të ardhmen do të vazhdojë me përkrahjen e komunave në zbatimin e forumeve në pushtetin lokal.

Në kushtet kur nuk u caktuan zgjedhjet lokale në afatin e parashikuar me ligj, në muajin mars, u vë në pyetje ligjshmëria e kohëzgjatjes së mandateve të kryetarëve të zgjedhur dhe këshilltarëve të njësive të vetëqeverisjes lokale. Në këtë drejtim, Bordi drejtues i BNJVL-së, më 15 mars, 2017, mbajti seancë në të cilën u shqyrtua mendimi që parashtroi Ministria për drejtësi, si ministri kompetente për kryerjen e punëve që kanë të bëjnë me sistemin zgjedhor, ndaj Ministrisë për vetëqeverisje lokale. Në të u përmend se anëtarët ekzistues të këshillave dhe kryetarët ekzistues mund që t'i kryejnë Kompetencat e tyre të përcaktuara me Ligj deri në afatin e caktuar në nenin 16, paragrafi 1, nga Kodi zgjedhor, respektivisht deri në fund të gjysmës së parë të muajit maj. Anëtarët e pranishëm të BD të BNJVL-së konkluduan të përkrahin mendimin në fjalë (në kushte kur nuk është përcaktuar aktvendim ligjor për veprim në situata të këtilla), me ç'rast u apelua për sigurim të kushteve për caktim sa më të shpejtë të zgjedhjeve lokale, pasi që në të kundërtën do të krijohet një gjendje kur komunat dhe institucionet të cilat janë në kompetencë të komunës: shkollat, kopshtet, institucionet kulturore, ndërmarrjet publike, njësitë zjarrfikëse nuk do të mund të kryejnë kompetencat e tyre. Në këtë seancë u miratua edhe përmbajtja e Memorandumit për bashkëpunim midis BNJVL-së dhe Odës së arkitektëve dhe inxhinierëve të Republikës së Maqedonisë, që u firmos më 21 mars, 2017.

Në dy muajt e kaluar, BNJVL pati edhe aktivitete tjera, midis të cilave edhe vizita e Delegacionit të Unionit të komunave nga rajoni i Marmarasë, për thellësimin e bashkëpunimit të deritanishëm. Studentët nga Fakulteti juridik dhe nga Fakulteti për shkenca politike të UAKS erdhën në BNJVL për t'u informuar me aktivitetet e Bashkësisë por edhe me procesin e decentralizimit të pushtetit në Republikën e Maqedonisë. BNJVL në këtë periudhë kohore publikoi edhe Raportin vjetor të dymbëdhjetë me radhë të BNJVL-së për vitin 2016, në drejtim sigurimi të transparencës më të madhe në punën e saj.

Me respekt,

**Dushica Perishiq**

**Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së**


**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

тел. +389 (0) 2 30 99 033, факс: +389 (0) 2 30 61 994
ул. Копенхагенска бр. 5, п.фах 32,
1000 Скопје, Република Македонија

**Извршен директор на ЗЕЛС:**
Душица Перишиќ

**Заменик извршен директор на ЗЕЛС:**
Ардита Дема-Мехмети

**Подготвила:**
Весна Арсовска-Динковска

**Превод:** Арта Абази, Валентина Трајко

**Лекторирал:** ДИУ СТАР – ДТ ДООЕЛ Скопје

**Дизајн и подготовка:** ПОИНТЕР ДОО Скопје

**Печатење:** БРАНКО ГАПО ДООЕЛ Скопје

**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË**

tel. +389 (0)2 30 99 033, faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. ,,Kopenhagenska" nr. 5, F.P. 32, 1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë

**Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Dushica Perishiq

**Zëvendës drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Ardita Dema – Mehmeti

**Përgatiti:**
Vesna Arsovska-Dinkovska

**Përkthim:** Arta Abazi, Valentina Trajko

**Lektoron:** DIU STAR – DT SHPKNJP, Shkup

**Dizajnim dhe përgatitje:** POINTER SHPK, Shkup

**Shtyp:** SHPKNJP BRANKO GAPO, Shkup

## ЧЕСТИТ „ 26 АПРИЛ-ДЕН НА ОПШТИНИТЕ“ И 45 –ТИ РОДЕНДЕН НА ЗЕЛС

ЗЕЛС на 26 април, упати честитка до сите свои членки, до сите единици на локалната власт во земјава посакувајќи им натамошно успешно спроведување на своите надлежности и обезбедување на што поголема финансиска самостојност на локалната власт. Честитките беа упатени по повод „26 Април - Денот на општините“ и роденденот на ЗЕЛС. Токму пред 45 години, на овој датум, во 1972 година е одржано Основачкото собрание на кое била формирана ЗЕЛС, односно, тогашното име било - Заедница на општини и градови на Македонија. Тоа била и причината овој датум, подоцна, во Статутот на ЗЕЛС да биде прогласен за „Ден на општините“ и воедно да претставува одбележување на роденденот на Заедницата.

Во честитката беа упатени желби ЗЕЛС да продолжи со уште поголемо успешно учество во развивањето на процесот на децентрализацијата на власта во земјава и во одржувањето на единството на сите негови членки при реализација на зацртаната мисија и визија за единствена, моќна, препознатлива, влијателна и финансиски независна институција, со иновативен пристап кон развој на услугите за општините и нејзино етаблирање меѓу најдобрите сродни организации во Европа.

## URIME „26 PRILLI- DITA E KOMUNAVE“ DHE DITËLINDJA E 45-TË E BNJVL-SË

BNJVL më 26 prill, uroi të gjitha anëtaret e saj, njësitë e pushtetit lokal në vend, duke u dëshiruar zbatim të suksesshëm të kompetencave të tyre dhe sigurimin e pavarësisë sa më të madhe financiare të pushteteve lokale. Urimet u dërguan me rastin e „26 Prillit – Dita e komunave“ dhe ditëlindja e BNJVL-së. Pikërisht para 45 vitesh, më 26 prill, 1972 u mbajt Kuvendi themelues në të cilin u formua BNJVL, respektivisht emri i atëhershëm ka qenë Bashkësia e komunave dhe qyteteve të Maqedonisë. Kjo ishte edhe arsyeja që kjo datë, në Statutin e BNJVL-së të shpallet për ditë të komunave, e njëkohësisht të shënohet si ditëlindja e Bashkësisë.

Në urimin në fjalë BNJVL-së iu dëshirua të vazhdojë me pjesëmarrje edhe më të madhe e të suksesshme në zhvillimin e procesit të decentralizimit të pushtetit në vend dhe ruajtjen e unitetit të të gjitha anëtareve të saj gjatë realizimit të misionit të caktuar dhe vizionit për një institucion unik, të njohur, ndikues dhe i pavarur financiarisht, me qasje inovative ndaj zhvillimit të shërbimeve për komunat të cilat i siguron në vazhdimësi dhe radhitet midis organizatave më të mira të këtij lloji në Evropë.

## Краток историски преглед

Претседателите на собранијата на општините: Куманово, Кочани, Охрид, Скопје и Тетово покренале иницијатива за формирање на Заедница на општини и градови на Македонија, која била основана на 26 април, 1972 година. На ова Основачко собрание одржано во просториите на „Салонот 19,19“, лоциран во барака 12, во градот Скопје, учествувале околу 30 општини кои го усвоиле Статутот на Заедницата и за прв претседател на Заедницата го избрале тогашниот претседател на Собранието на град Скопје Драгољуб Ставрев. Било формирано Претседателство, Надзорен одбор и Одбор на комунален општински систем како и Одбор за урбанизам и комунално-станбени прашања. Со тоа како што е запишано во архивските документи „создадена е цврста платформа за најшироко соработка на комуните во Македонија“.

Пресврт во работењето на Заедницата се случува по прогласувањето на првиот Устав на независна и суверена Република Македонија. Највисокиот државен акт ја утврдува локалната самоуправа, како посебна власт во земјата, но поради отсуство на законска регулатива прилагодена на новонастанатата состојба „малите државички“, како што ги нарекувале општините, останале без изворното управување на својата територија. И во вакви услови Заедницата преземала значајни активности и следните пет години ја водела битката пред институциите на државата за враќање на редот во „развластените“ општини. На 1 ноември 1995 година се донесува нов Закон за локална самоуправа , во кој се дефинирани 123 општини и Град Скопје, а во член 10 став. 5 е утврдено „единиците на локалната самоуправа се организираат во единствена Заедница на единици на локалната самоуправа на Република Македонија заради размена на искуства и унапредување на локалната самоуправа“. Овие промени се рефлектираат и во изборите во 1996 година кои создаваат основа за

## Një rikthim i shkurtër në histori

Kryetarët e kuvendeve të komunave: Kumanovës, Koçanit, Ohrit, Shkupit e Tetovës ngrenë iniciativë për formimin e Bashkësisë së komunave dhe qyteteve të Maqedonisë që u themelua më 26 prill, 1972. Në këtë kuvend themelues të mbajtur në hapësirat e „Sallës 19,19“, të locuar në barakën 12, në qytetin e Shkupit, kanë marrë pjes rreth 30 komuna të cilat miratun Statutin e Bashkësisë kryetar i parë i bashkësisë zgjodhën kryetarin e dikurshëm të Kuvendit të Qytetit të Shkupit-Dragoljub Stavrev. U formua Kryesia, Bordi mbikëqyrës dhe Bordi i sistemit komunal të komunës si dhe Bordi për urbanizëm dhe çështje komunale-për banim. Me atë siç është regjistruar në dokumentet e arkivuara, u krijua një platformë e fuqishme për bashkëpunim të gjërë të komunave në Maqedoni“

Një kthim në punën e Bashkësisë ndodh pas shpalljes së Kushtetutës së parë të Republikës së Maqedonisë së pavarur dhe sovrane. Akti më i lartë shtetëror përcakton vetëqeverisjen lokale si një pushtet të veçantë në shtet, por për shkak të mungesës së rregullativës ligjore të përshtatur mbi gjendjen e sapo krijuar „shtet e vogla“, siç i kanë quajtur komunat, kanë ngelur pa menaxhim burimor të territorit të tyre. Edhe në kushte të këtilla, Bashkësia ka ndërmarrë aktivitete të rëndësishme dhe në pesë vitet e ardhshme ka zhvilluar betejë para institucioneve shtetërore për kthimin e rendit në komunat e „privuara nga pushteti“. Më 1 nëntor, 1995 u miratua Ligji për vetëqeverisje lokale, në të cilin janë definuar 123 komuna dhe Qyteti i Shkupit, ndërsa në nenin 10, paragrafi 5 përcaktohet „njësitë e vetëqeverisjes lokale organizohen në një Bashkësi të vetme të njësive të vetëqeverisjes lokale të Republikës së Maqedonisë për shkak të shkëmbimit të përvojave dhe avancimit të vetëqeverisjeve lokale“ . Këto ndryshime reflektohen edhe në zgjedhjet e vitit 1996 të cilat krijuan bazë për një reformë strukturore në Bashkësi. Kështu në prill

нова структурна реформа во Заедницата. Така во април 1998 година, на конститутивна седница на новата структура „Заедницата на општини и градови и статутарно се трансформира во ЗЕЛС, односно го добива сегашното име - Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија.

1998, në seancën konstitutive të strukturës së re Bashkësia e komunave dhe qyteteve dhe në mënyrë statutore transformohet në BNJVL, respektivisht fiton emrin e tanishëm – Bashkësia e njësive të vetëqeverisjes lokale të Republikës së Maqedonisë.

## РАСПРЕДЕЛЕНИ СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ ОД ПРОГРАМАТА ЗА РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ ЗА 2017

За планските региони во Република Македонија, за подрачјата со специфични потреби и за развој на селата, според Програмата за рамномерен регионален развој за 2017 година за финансирање на проекти за поттикнување на рамномерен регионален развој обезбедени се 177.691.00 денари, односно 227 милиони денари заедно со средствата за функционирање на центрите за развој. Во согласност со член. 29, од Законот за Рамномерен регионален развој (РРР) овие средства се распределени за финансирање на проекти: За развој на планските региони - 124.383.700 денари, (70%); За развој на подрачја со специфични развојни потреби 35.538.200 денари (20 %) и За развој на селата - 17.769.100 (10 %).

Советот за рамномерен регионален развој на Република Македонија на втори март, 2017 година го одржа осумнаесеттиот состанок на кој присуствуваше и претставник од ЗЕЛС и на кој се разгледуваше Извештајот за извршено оценување на предлог- проектите за 2017 година, за поттикнување на рамномерен регионален развој, со предлог листи за нивно финансирање, а стана збор и за други прашања од оваа област. Според одлуката на Советот, утврдени се 19 проекти за развој на планските региони, 18 за развој на селата, а 23 се за развој на подрачјата со специфични развојни потреби. Најголем дел од проектите, 48, или 75 отсто, се однесуваат на проектирање или изведување инфраструктурни зафати. Најмногу буџетски средства ќе добие Североисточниот плански регион - 21,5 милиони денари, како најмалку развиен, утврден според степенот за развиеност, согласно одлуката за класификација на планските региони според степенот на развиеност за период од 2013 до 2017 година. Најмалку пари се планирани за најразвиениот - Скопски регион, 8,8 милиони денари. За Источниот плански регион се проектирани - 11,7 милиони денари, за Југоисточниот - 13,8 милиони денари, за Пелагонискиот - 14,8 милиони денари, за Полошкиот - 16,4 милиони денари, за Југозападниот - 17,6 милиони денари и за Вардарскиот плански регион - 19,5 милиони денари.

На состанокот беше посочено дека во

## U NDANË MJETE PËR FINANCIM TË PROJEKTEVE NGA PROGRAMI PËR ZHVILLIM TË BARABARTË RAJONAL PËR VITIN 2017

Për rajonet planifikuese në Republikën e Maqedonisë, për rajonet me nevoja specifike dhe zhvillimi i fshatrave, në bazë të Programit për zhvillim të barabartë për vitin 2017, lidhur me financimin e projekteve për nxitjen e zhvillimit të barabartë rajonal janë siguruar 177.691.00 denarë, respektivisht 227 milion denarë së bashku me mjetet për funksion të qendrave për zhvillim. Konform nenit 29, të Ligjit për zhvillim të barabartë rajonal (ZHBR) mjetet në fjalë janë ndarë për financim të projekteve: Lidhur me zhvillimin e rajoneve planifikuese -124.383.700 denarë, (70%); Për zhvillimin e rajoneve me nevoja zhvillimore specifike 35.538.200 (20%) dhe për zhvillimin e fshatrave 17.769.100 (10 %).

Këshilli për zhvillim të barabartë rajonal të Republikës së Maqedonisë më 2 mars, 2017, mbajti mbledhjen e tetëmbëdhjetë në të cilën morri pjesë edhe përfaqësuesi i BNJVL-së e në të cilin u shqyrtua Raporti për kryerjen e vlerësimit të propozim-projekteve për vitin 2017, për nxitjen e zhvillimit të barabartë rajonal, me propozim-lista lidhur me financimin e tyre, ndërsa u bë fjalë edhe mbi çështje tjera nga kjo lëmi. Në bazë të vendimit të Këshillit, janë përcaktuar 19 projekte për zhvillim të rajoneve planifikuese, 18 për zhvillim të fshatrave, ndërsa 23 janë për zhvillimin e rajoneve me nevoja specifike zhvillimore. Pjesa më e madhe e projekteve, 48 ose 75% kanë të bëjnë me projektimin ose ekzekutimin e punëve infrastrukturore. Mjete më të mëdha buxhetore do të fitojë Rajoni planifikues Verilindor – 21,5 milion denarë, si më pak të zhvilluar, respektivisht i përcaktuar në bazë të shkallës së zhvillimit, konform vendimit për klasifikim të rajoneve planifikuese sipas shkallës së zhvillimit për periudhën prej 2013 deri më 2017. Më pak mjete janë planifikuar për Rajonin më të zhvilluar – atë të Shkupit, 8.8 milion denarë. Për Rajonin planifikues Lindor janë projektuar - 11,7 milion denarë, për atë Juglindor -13,8 milion denarë, për atë të Pellagonisë -14,8 milion denarë, për rajonin planifikues të Pollogut - 16,4 milion denarë, për rajonin Jugperëndimor - 17,6 milion denarë dhe për rajonin planifikues të Vardarit - 19,5 denarë.

Në mbledhje u përmend se në rajonin



Североисточниот плански регион фокусот е ставен на подобрување на условите за рурален развој и развој на туризмот, во Југозападниот регион ќе се изведуваат енергетски ефикасни објекти, во Полошко ќе се рехабилитира локалниот пат од Сушички мост до Русино, во Југоисточниот ќе се работи на изградба на два патни правци, меѓу местата Чанаклија и Нова Маала и меѓу Муртино и Еднокуќево, а во Демир Хисар ќе се реконструира регионалниот зелен пазар...

Во однос на подрачјата со специфични потреби освен изработка на техничка документација, рехабилитација или изградба на локални патишта, се предвидува и реконструкција на домови на културата, заштита на животната средина, водоснабдување, уредување простор за рекреација и поттикнување на локалниот туризам. Од компонентата со која се опфатени селата, од вкупно одвоените средства за оваа намена секој од осумте плански региони добива еднаков дел, а речиси сите проекти се од инфраструктурна природа.

На состанокот министерката за локална самоуправа, Ширет Елези информира дека до Советот за рамномерен регионален развој на јавниот повик за 2017 година, од страна на Центрите за развој на планските региони и од општините биле доставени 88 проекти, од кои 60 се одобрени. Таа посочи дека средствата правилно се користат, а многу од проектите 99 отсто се завршени и дека досега од 2009 до 2017 година, поддржани се над 560 проекти со вкупна вредност од една милијарда денари.

На состанокот беше изнесено и тврдење дека не се запазува законската одредба за одвојување на 1% од Бруто домашниот производ (БДП) за поттикнување на рамномерен регионален развој, при што претседавачот со Советот, Владимир Пешевски, вицепремиер во Владата на РМ, рече дека „сите региони се развиваат рамномерно и дека годишно Владата дава и повеќе од предвидените еден отсто од БДП, но не сите средства одат преку Советот за Рамномерен регионален развој“. На овој состанок од присутните исто така беше изнесена и потребата за ревидирање на Стратегијата за регионален развој 2009-2019 година на Република Македонија.

planifikues Verilindor fokus i vendoset përmirësimit të kushteve për zhvillim rural dhe zhvillim të turizmit, në rajonin Jugperëndimor do të realizohen objekte me efikasitet energjetik, në rajonin e Pollogut do të rehabilitohet rrugë lokale nga Ura Sushiçka pranë Rusino, në atë Jugperëndimor do të punohet në ndërtimin e dy drejtimeve rrugore, mes vendeve Çanaklija dhe Nova malla dhe mes Murtino dhe Ednoqukevo, ndërsa në Demir Hisar do të bëhet rikonstruksioni i tregut të gjelbër rajonal....

Lidhur me rajonin me nevoja specifike përveç hartimit të dokumentacionit teknik, rehabilitim ose ndërtim të rrugëve lokale, parashikohet edhe rikonstruksioni i shtëpive të kulturës, mbrojtjes së mjedisit jetësor, ujësjellësi, rregullimi i hapësirës për rekreacion dhe nxitja e turizmit lokal. Nga komponenti me të cilin janë përfshirë fshatrat, nga mjetet e përgjithshme të ndara për këtë dedikim nga tetë rajonet planifikuese fitojnë pjesë të barabartë, ndërsa pothuaj se te të gjitha projektet i përkasin natyrës infrastrukturore.

Në mbledhje ministrja për vetëqeverisje lokale, Shiret Elezi informon se në Këshillin për zhvillim të barabartë rajonal në ftesën publike për vitin 2017, nga ana e Qendrave për zhvillim të rajoneve planifikuese dhe të komunave janë parashtruar 88 projekte, prej të cilave 60 janë miratuar. Ajo përmendi se mjetet shfrytëzohen me rregull, ndërsa shumica e projekteve 99% kanë përfunduar dhe se deri më tani nga viti 2009 e deri më 2017, janë përkrahur mbi 560 projekte me vlerë të përgjithshme prej 1 miliard denarë.

Në mbledhje u theksua edhe se nuk ka kujdes gjatë zbatimit të obligimit ligjor për ndarjen e 1% nga Bruto prodhimi vendor (BPV) për nxitjen e zhvillimit të barabartë rajonal, me ç'rast kryesuesi i Këshillit, Vlladimir Peshevski, zëvendës kryeministër i Qeverisë së R.M., theksoi se të gjitha rajonet zhvillohen në mënyrë të barabartë dhe se në vit Qeveria jep edhe më shumë se 1% nga BPV, por jo të gjitha mjetet shkojnë përmes Këshillit për Zhvillim të barabartë rajonal. Në këtë mbledhje nga të pranishmit gjithashtu u paraqit nevoja për revidim të Strategjisë për zhvillim të barabartë rajonal 2009-2019, të Republikës së Maqedonisë.



## УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС НА ТРИНАЕСЕТТАТА СЕДНИЦА УПАТИ АПЕЛ ЗА ПОБРЗО РАСПИШУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ

Управниот одбор на ЗЕЛС, на 17 март, 2017 година, во просториите на Заедницата ја одржа тринаесеттата седница на која беше разгледано доставеното известување од Министерството за локална самоуправа на Р.М, во врска со прашањето за времетраењето на мандатите на избраните градоначалници и членови на советите на единиците на локалната самоуправа, во услови кога не беа распишани локалните избори, во законски предвидениот рок.

Во пристигнатото известување пишува: Имајќи го предвид мислењето на Министерството за правда бр. 23-1141/2 од 15.03.2017 година во однос на конкретното прашање, како надлежно министерство за вршење на работите што се однесуваат на изборниот систем, а со цел заштита на правото на граѓаните на локалната самоуправа преку обезбедување на континуирано вршење на локалната власт, како една од главните основи на секое демократско уредување, и како уставно право, ве известуваме дека согласно мислењето под наведениот број и дата, постојните членови на советите на општините и постојните градоначалници можат да ги извршуваат своите, со Закон, утврдени надлежности до завршувањето на рокот определен од членот 16 став (1) од Изборниот законик, односно до крајот на првата половина на месец мај .

По дискусијата на присутните градоначалниците и претставници од советите на општините беше заклучено дека се поддржува доставеното мислење од страна на Министерството за локална самоуправа, за траење на мандатите на градоначалниците и советниците до 15 мај, 2017 година, при што беше упатен апел за обезбедување на услови за побрзо распишување на локалните избори, бидејќи во спротивно ќе настане состојба кога општините и институциите кои се под општинска надлежност: учи-

## BORDI DREJTUES I BNJVL-SË NË SEANCËN E TREMBËDHJETË APELOI PËR SHPALLJE SA MË TË SHPEJTË TË ZGJEDHJEVE LOKALE

Bordi drejtues i BNJVL-së, më 17 mars, 2017, në hapësirat e Bashkësisë, mbajti seancën e trembëdhjetë në të cilën u shqyrtua lajmërimi nga Ministria për vetëqeverisje lokale të R.M., lidhur me çështjen e kohëzgjatjes së mandateve të kryetarëve të zgjedhur dhe anëtarëve të këshillave të njësive të vetëqeverisjes lokale, në rast kur nuk janë shpallur zgjedhjet lokale, në periudhën e parashikuar.

Në lajmërimin e arritur: Duke pasur parasysh mendimin e Ministrisë për drejtësi nr. 23-1141/2 nga data 15.03.2017, lidhur me çështje konkrete, si ministri kompetente për kryerjen e punëve që kanë të bëjnë me sistemin e zgjedhor, ndërsa me qëllim të mbrojtjes të së drejtës së qytetarëve përmes sigurimit të kryerjes së vazhdueshme të pushtetit lokal, si një ndër bazat kryesore të çdo rregullimi demokratik, dhe si e drejtë kushtetuese, ju lajmërojmë se konform mendimeve mbi numrin dhe datën e regjistruar, anëtarët ekzistues të këshillave të komunave dhe kryetarët ekzistues të komunave, mund t'i kryejnë kompetencat e tyre të përcaktuara me Ligj, deri në përfundimin e afatit të nenit 16, paragrafi (1) nga Kodi zgjedhor, respektivisht deri në fund të gjysmës së parë të muajit maj.

Pas diskutimit të kryetarëve të pranishëm dhe përfaqësuesve nga këshillat komunale, u konkluduа se me përkrahjen e mendimit të parashtruar nga ana e Ministrisë për vetëqeverisje lokale, për kohëzgjatjen e mandateve të kryetarëve dhe këshilltarëve të komunave deri më 15 maj, 2017, me ç'rast u apelua për sigurimin e kushteve për caktimin e zgjedhjeve lokale, pasi që në të kundërtën do të ndodh që kur komunat dhe institucionet të cilat janë në kompetencë të komunave: shkollat, kopshtet, institucionet kulturore, ndërmarrjet publike, njësitë zjarrfikëse,



лишта, градинки, културни установи, јавни претпријатија, противпожарни единици не ќе можат да ги извршуваат своите надлежности.

На оваа седница присутните членови на Управниот одбор донесоа одлука и за одржувањето на деветтата седница на Генералното собрание на ЗЕЛС , во Прилеп.

На оваа седница едногласно беше усвоена содржината на Меморандумот за соработка помеѓу ЗЕЛС и Комората на архитекти и инженери на Република Македонија, при што беше посочено да се провери дали вклучувањето на Комората во информацискиот систем за „е-одобрение за градење" во еден од чекорите ќе значи зголемување на времетраењето на постапката или ќе предизвика некои други технички специфики.

nuk do të mund të kryejnë kompetencat e tyre.

Në këtë seancë anëtarët e pranishëm të Bordit drejtues, miratuan vendimin që seanca e nëntë e Kuvendit Gjeneral të BNJVL-së, në Prilep.

Në këtë seancë unanimisht u miratua përmbajtja e Memorandumit për bashkëpunim midis BNJVL-së dhe Odës së arkitektëve dhe inxhinierëve të Republikës së Maqedonisë, me ç'rast u përmend të kontrollohet se a do të thotë rritje të kohëzgjatjes së procedurës përfshirja e Odës në sistemin informatik për ,,e-leje për ndërtim" në një ndër hapat ose do të shkaktojë specifika tjera teknike.














## КОСТАДИН ПОПОВСКИ - НОВ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МРЕЖАТА НА ТЕРИТОРИЈАЛНИ ПРОТИВПОЖАРНИ ЕДИНИЦИ ПРИ ЗЕЛС

Мрежата на територијални противпожарни единици при ЗЕЛС (ТППЕ) одржа седница на 17 март, 2017 година во административната зграда на Заедницата. На седницата се дискутираше за одредени прашања од деловникот за работа на Мрежата, при што беше донесена одлука за кооптирање на член во Претседателството на мрежата. Поточно, Ѕвонко Томески, командир на противпожарната бригада на Градот Скопје беше потврден за член на Претседателството на мрежата, откога оваа функција му престана на досегашниот претседател, Благоја Менковски. Присутните спроведоа избор на нов претседател, при што гласаа за двајцата предложени кандидати: Ѕвонко Томески и Костадин Поповски, командир на Територијална противпожарна единица Битола. Со тајно гласање, со мнозинство од присутните членови на Претседателството на мрежата за претседател е избран Костадин Поповски.

На седницата се дискутираше и за прашањата поврзани со распределба на блок дотациите за спроведување на оваа надлежност од страна на локалните власти, при што посебно внимание беше посветено на делот за платите и надоместоците на пожарникарите, односно несоодветниот износ на средства за оваа намена. Беше договорено на следната седница, Независниот синдикат на пожарникарите да изврши презентација на анализата на состојбата со паралелни показатели на соодветната исплата и недостаток на средства која се јавува при исплатата на оваа блок дотација. Исто така, беше предложено да се изврши анализа и на констатираните недоследности при пресметка и правата на пожарникарите, што биле утврдени при направените посети на противпожарните единици.

Мрежата на територијални противпожарни единици при ЗЕЛС се состана и на 26 април, 2017 година на која присуствуваа претставници од Синдикатот на пожарникари каде што особено беше посветено внимание за предизвиците на пожарникарите поврзани со пресметката на платите, упатените тужбени барања и добиените различни судски одлуки. Беше изнесена потребата за покренување на поголема соработка со разни институции во земјава чии надлежности се поврзани со работењето на противпожарните единици, односно беше предложено во месец мај - месец на пожарникарството, да се реализираат работни средби со Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи, потоа министерствата: за одбрана, за внатрешна безбедност, за финансии, за земјоделство и шумарство и други. Беше побарано за активностите на Мрежата подетаљно да биде запознаен Управниот одбор на ЗЕЛС со цел изнаоѓање на адекватни решенија за предизвиците со кои се соочуваат пожарникарите и противпожарните единици.

## KOSTADIN POPOVSKI-KRYETAR I RI I RRJETIT TË NJËSIVE TERRITORIALE ZJARRFIKËSE NË KUADËR TË BNJVL-SË

Rrjeti i njësive zjarrfikëse të BNJVL-së, mbajti seancë më 17 mars, 2017, në ndërtesën administrative të BNJVL-së. Në seancë u diskutua mbi çështje të caktuara nga rregullorja për punën e Rrjetit që u miratua vendim lidhur me kooptimin e anëtarit në Kryesinë e rrjetit. Më saktë, Xvonko Tomeski, komandant i brigadës zjarrfikëse të Qytetit të Shkupit u aprovua si anëtar i Kryesisë së rrjetit në fjalë, që kur këtë vit i pushoi kryetarit të deritanishëm të rrjetit, Bllagoja Menkovski. Anëtarët e rrjetit zbatuan zgjedhjen e kryetarit të ri, ndërsa të pranishmit votuan kandidatët e propozuar: Xvonko Tomevski dhe Kostadin Popovski, komandant i Njësisë territoriale zjarrfikëse, Manastir. Me votim të fshehtë, me shumicë votash nga anëtarët e pranishëm të Kryesisë së rrjetit për kryetar u zgjodh Kostadin Popovski.

Në seancë u diskutua edhe mbi çështjet lidhur me ndarjen e bllok dotacioneve për financim të rrogave dhe kompensimeve të zjarrfikësve, respektivisht shuma joadekuate e mjeteve për këtë dedikim. U dakordua që në seancën e ardhshme, Sindikata e pavarur e zjarrfikësve të kryejë prezantim të analizës së gjendjeve me pagesën adekuate dhe mungesën e mjeteve që paraqitet gjatë pagesës së këtij bllok dotacioni, si dhe të kryejë analizë të inkonsekuancave gjatë kalkulimit dhe të drejtave të zjarrfikësve të konstatuara me vizitën e tyre të njësive zjarrfikëse.

Rrjeti i njësive territoriale zjarrfikëse në kuadër të BNJVL-së u takua edhe më 26 prill, 2017, ku morrën pjesë përfaqësuesit e Sindikatës së zjarrfikësve ku vëmendje e veçantë i'u kushtua sfidave të zjarrfikësve lidhur me kalkulimin e rrogave, kërkesave për padi dhe vendimet e fituara gjyqësore. U parashtrua nevoja për ngritjen e një bashkëpunimi më të madh me institucionet e ndryshme në vend kompetencat e të cilave janë lidhur me punën e njësive zjarrfikëse, respektivisht u propozua që në muajin maj zjarrfikësve t'u realizohen takime punuese me Drejtorinë për mbrojtje dhe shpëtim, Qendra për menaxhim me kriza, pastaj ministritë: për mbrojtje, për siguri të brendshme, për financa, për bujqësi dhe pylltari etj. U kërkua për aktivitetet e Rrjetit të informohet më detajishit Bordi drejtues i BNJVL-së me qëllim të gjetjes së zgjidhjeve më adekuate për sfidat me të cilat ballafaqohen njësitë zjarrfikëse.









## ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА МЕЃУ ЗЕЛС И КОМОРАТА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ИНЖЕНЕРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЗЕЛС и Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија на 21 март, 2017 година, во просториите на ЗЕЛС потпишаа Меморандум за меѓусебна соработка. Меморандумот се однесува на обезбедување на континуирана и продлабочена соработка меѓу стручни лица од Комората и од ЗЕЛС во процесот на подготвување на предлози и мерки за подобрување на сите административни процеси во општините и Град Скопје кои ги тангираат инженерите и градежните фирми. Исто така, со овој Меморандум се потенцира реализацијата на едукативни настани (специјализирани обуки, работилници...) поврзани со инженерското и градежно работење, локалната самоуправа, процесите на издавање на одобренија за градење и други административни прашања, како и размена на искуства и најдобри практики од други области од заеднички интерес на двете страни. Во името на ЗЕЛС, Меморандумот го потпиша претседателот на Заедницата, Коце Трајановски, а во името на Комората, документот го потпиша нејзиниот претседател, проф. д-р Миле Димитровски.

## U FIRMOS MEMORANDUMI PËR BASHKËPUNIM MIDIS BNJVL-SË DHE ODËS SË ARKITEKTËVE DHE INXHINIERËVE TË AUTORIZUAR TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË

BNJVL dhe Oda e arkitektëve dhe inxhinierëve të autorizuar të Republikës së Maqedonisë, më 21 mars, 2017, në hapësirat e BNJVL-së firmosën Memorandum për bashkëpunim të ndërsjellë. Memorandumi i referohet sigurimit të bashkëpunimit të vazhdueshëm dhe të thellësuar midis personave profesional nga Oda dhe nga BNJVL në procesin e përgatitjes së propozimeve dhe masave për përmirësim të të gjitha proceseve administrative në komunë dhe Qytetin e Shkupit të cilat i tangojnë inxhinierët dhe firmat ndërtimore. Gjithashtu, me këtë Memorandum potencohet realizimi i ngjarjeve edukative (trajnime të specializuara, punëtori...) lidhur me inxhinierët dhe firmat ndërtimore, vetëqeverisja lokale, proceset e dhënies së lejeve për ndërtim dhe çështje tjera adminstrative, si dhe shkëmbimi i përvojave dhe praktikave më të mira nga lëmenjë tjerë në interes të përbashkët të të dy palëve. Në emër të BNJVL-së, Memorandumin firmosi kryetari i Bashkësisë, Koce Trajanovski, ndërsa në emër të Odës, dokumentin firmosi kryetari i saj, Prof. Dr. Mile Dimitrovski.



## ДЕЛЕГАЦИЈА ОД УНИЈА НА ОПШТИНИ ОД РЕГИОНОТ МАРМАРА ВО ПОСЕТА НА ЗЕЛС

Делегација од Унија на општини од регионот Мармара (Република Турција), предводени од генералниот секретар Џемил Арслан, на 22 март, 2017 година беше во посета на ЗЕЛС. Целта на оваа заедничка средба е во насока на натамошно зајакнување на соработката меѓу овие две асоцијации на локални власти и заемна размена на стекнатите искуства.

Генералниот секретар, Арслан особено се интересираше за активностите на ЗЕЛС во делот на обезбедувањето на електронските услуги за граѓаните и правната и стручна поддршката што Заедницата им ја дава на своите членки, општините, при нивната реализација. Тој исто така посочи дека во овој период Унијата на општини од регионот Мармара интензивно е посветена на справување со предизвиците предизвикани од бегалската криза од Сирија, односно поддршка на огромниот број жители од оваа земја кои се дојдени и подолг период престојуваат најмногу во општините од овој регион.

Извршната директорка на ЗЕЛС, Душица Перишиќ истакна дека во изминатиот период, оваа криза се рефлектираше и во нашата земја, но дека централната власт во најголем процент ги презема и предводеше сите потребни активности на ова поле. Во однос на спроведувањето на електронските услуги, Перишиќ ги информираше присутните за полезностите што ги имаат општините од нивната примена, но и граѓаните и инвеститорите. При тоа укажа дека во изминатите две години ЗЕЛС своите искуства од имплементација на електронската алатка „Е- дозвола за градење“ ги пренесе и на соседните земји, Република Србија и Република Албанија, на нивно барање, и дека заинтересираност покажуваат и други земји од регионот, од Европа, но и од другите континенти. На крајот на средбата беше посочено дека соработката меѓу овие две асоцијации може да се подигне на повисоко ниво и преку реализација на заеднички проекти од областа на зајакнувањето на децентрализацијата на власта, како и размена на искуствата од имплементирање на добри практики спроведени на локално ниво.

## DELEGACION NGA UNIONI I KOMUNAVE TË RAJONIT TË MARMARASË VIZITOJNË BNJVL-NË

Delegacion nga Unioni i komunave të rajonit të Marmarasë (Republika e Turqisë), i udhëhequr nga sekretari gjeneral Xhemil Arsllan, më 22 mars, 2017, vizituan BNJVL-në. Qëllimi i takimit të përbashkët është në drejtim të përforcimit të mëtejmë të bashkëpunimit midis dy asociacioneve të pushteteve lokale dhe shkëmbimit të ndërsjellë të përvojave të arritura. Sekretari gjeneral, Arsllan, shfaqi interesim të posaçëm lidhur me aktivitetet e BNJVL-së në pjesën e sigurimit të shërbimeve elektronike për qytetarët dhe të përkrahjes juridike dhe profesionale që Bashkësia i'a jep anëtareve të saj-komunave, gjatë realizimit të tyre. I njëjti përmendi se në këtë periudhë, Unioni i komunave nga rajoni Marmara në mënyrë intensive i përkushtohet menaxhimit me sfidat e shkaktuara nga kriza e refugjatëve nga Siria, respektivisht përkrahje e një numri të madh banorësh nga ky vend të cilët kanë ardhur dhe një periudhë më të gjatë qëndrojnë më së shumti në këtë rajon. Drejtori ekzekutiv i BNJVL-së, Dushica Perishiq, theksoi se në periudhën e kaluar, kjo krizë u reflektua edhe në vendin tonë, por se pushteti qendror në përqindje të madhe i ndërmori të gjitha aktivitetet e nevojshme në këtë fushë. Lidhur me zbatimin e shërbimeve elektronike, Perishiq i informoi të pranishmit mbi dobitë që i kanë komunat nga zbatimi i tyre, por gjithashtu edhe qytetarët dhe investuesit. Pastaj përmendi se në dy vitet e kaluara BNJVL përvojat e saj nga implementimi i veglës elektronike „E-leje për ndërtim" i barti edhe në vendet fqinje, Republika e Serbisë dhe Republika e Shqipërisë, në kërkesë të tyre dhe se interesim shfaqin edhe vende tjera nga rajoni, nga Evropa dhe nga kontinente tjera. Në fund të takimit u përmend se bashkëpunimi midis këtyre dy asociacioneve mund të jetë në një nivel edhe më të lartë përmes realizimit të projekteve të përbashkëta nga lëmia e përforcimit të decentralizimit të pushtetit, si dhe shkëmbim i përvojave nga implementimi i praktikave më të mira të zbatuara në nivel lokal.








## ЗЕЛС ЌЕ ПРОДОЛЖИ СО ПОДДРШКАТА НА ОПШТИНИТЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГРАЃАНСКАТА АЛАТКА – „ФОРУМИ ВО ЗАЕДНИЦАТА“

-„Десет години развивање на „Форуми во заедницата“ во локалната власт во Република Македонија. Десет години надградување на демократските процеси преку воспоставување и примена на една нова граѓанска алатка во општините во нашата земја.“ Со овие зборови претседателот на ЗЕЛС, Коце Трајановски го започна своето обраќање пред присутните гости на завршната конференција од десетгодишната реализација на Програмата „Форуми во заедницата“ во земјава, што се одржа на 10 март, 2017 година, во хотелот „Холидеј ин“ во Скопје. На јубилејот присуствуваа градоначалници, претставници од невладини организации кои обезбедуваа поддршка на форумските сесии, претставници од општинската администрација, но и граѓани-непосредни учесници на форумите. Пред бројните гости се обратија и министерската за локална самоуправа Ширет Елези и амбасадорката на Швајцарија, Сибил Зутер Техад.

Претседателот на ЗЕЛС, Коце Трајановски истакна дека е задоволен од постигнатите резултати со примената на новата демократска алатка во општините и од соработката со Швајцарската агенција за соработка и развој, која обезбедуваше дел од финансиските потреби за реализација на форумите и на избраните проекти во општините. Тој посочи дека целиот процес започна уште во 2006 година со потпишувањето на договорите на првите три пилот-општини: Ѓорче Петров, Кичево и Прилеп. –„Тоа беше првото запознавање на општините но, и на граѓаните со форумските процеси. Локалната власт непосредно се соочуваше со идеите, потребите и желбите на своите жители за приоритетно решавање на нивните предизвици, а граѓаните на еден демократски начин партиципираа во донесувањето на одлуките на општината, за прашања од нејзина надлежност. Така форумите многу брзо стекнаа популарност и кај единиците на локална власт и кај граѓаните и сето тоа се одвиваше во континуирана нагорна линија,“ истакна Трајановски.

Тој говореше и за развивањето на целиот процес, во кој ЗЕЛС имаше мошне значајна улога. Со поддршка на ЗЕЛС се обезбеди институционализирање на оваа алат-

## BNJVL DO TË VAZHDOJË ME PËRKRAHJEN E MËTEJME TË KOMUNAVE NË ZBATIMIN E VEGLËS CIVILE „FORUMET NË BASHKËSI”

-„Zhvillim dhjetëvjeçar i „Forumeve në bashkësi” në pushtetin lokal në Republikën e Maqedonisë. Dhjetë vite avancim i proceseve demokratike përmes vendosjes dhe zbatimit të një vegle civile në komunat në vendin tonë.“

Me këto fjalë kryetari i BNJVL-së, Koce Trajanovski filloi fjalimin e tij para mysafirëve të pranishëm në konferencën përfundimtare nga realizimi dhjetëvjeçar i Programit „Forume në bashkësi” në vend, që u mbajt më 10 mars, 2017, në hotelin „Holidej In” në Shkup. Në jubile morrën pjesë kryetarët e komunave, përfaqësuesit e organizatave joqeveritare të cilët siguruan përkrahjen e sesioneve të forumeve, përfaqësuesit e administratës komunale, por edhe qytetarët – pjesëmarrësit e drejtpërdrejtë të forumeve. Para një numri të madh mysafirësh u drejtuan edhe ministrja për vetëqeverisje lokale Shiret Elezi dhe ambasadorja e Zvicrës, Sibili Zuter Tehad.

Kryetari i BNJVL-së, Koce Trajanovski theksoi se është i kënaqur nga rezultatet e arritura me zbatimin e veglës së re demokratike në komunat dhe bashkëpunimi me Agjensionin Zvicëran për bashkëpunim dhe zhvillim, që siguroi një pjesë të nevojave financiare për realizim të forumeve dhe të projekteve të zgjedhura në komunat. Ai përmendi se mbarë procesi filloi që në vitin 2006 me firmosjen e marrëveshjeve të tre pilot komunave të para: Gjorçe Petrovi, Kërçova dhe Prilepi. - „Kjo ishte njohja e parë e komunave, por edhe qytetarëve me proceset e forumeve. Pushteti lokal drejtpërdrejtë u ballafaqua me idetë, ndërsa qytetarët në një mënyrë demokratike morrën pjesë në procesin e vendim-marrjes së komunës, lidhur me çështjet në kompetencë të saj. Kështu forumet shumë shpejtë fituan një popullaritet edhe të njësitë e vetëqeverisjes lokale dhe te qytetarët dhe e gjithë kjo u zhvillua në vazhdimësi. Thjeshtë, çdo mbledhje e përbashkët, tregoi cili hap i ardhshëm duhet të bëhet”, theksoi Trajanovski.

Ai foli edhe mbi zhvillimin e mbarë procesit në të cilin BNJVL pati një rol mjaft të rëndësishëm. Me përkrahjen e BNJVL-së u sigurua institucionalizim i kësaj vegle, respektivisht miratimi i saj në statutet e komunave nga ana e 59 këshillave komunale. Pastaj me identifikimin e nevojës që

ка, односно нејзино внесување во општинските статути од страна на 59 општински совети. Потоа со увидување на потребата дискусиите на форумите да ги водат лица кои имаат повисоко ниво на подготвеност да се справат со сите предизвици што ги носи отворената дебата на овие форумски сесии, ЗЕЛС го започна и процесот на сертификација на форумски модератори. До денес 37 лица се стекнаа со овој сертификат и се подготвени да реализираат кој било од четирите форуми во секоја општина во земјата. Исто така, ЗЕЛС обезбеди интернет страница на www.forumivozaednicata.com.mk, на која се наоѓаат сите информации за спроведување на овие форумски процеси и каде што секоја општина може да се запознае што е тоа „Форум во заедницата", како да го реализира, како и да се запознае со биографиите на сертифицираните модератори и да направи сопствен избор на адекватно стручно лице. Во рамките на Програмата беше обезбеден и „Прирачник во 11 чекори на форуми во заедниците", кој по повод десетгодишниот јубилеј беше ревидиран и издаден во електронска верзија и поделен на присутните на свеченоста.

-„Придобивките од примената на оваа алатка се трајни: воспоставувањето на поблиска релација граѓанин -општина, зајакнувањето на нивната заемна доверба, зајакнувањето на свеста кај граѓаните за потребата од нивно учество во донесување на одлуки во заедницата во која живеат, зголемувањето на транспарентното работење на општината, зајакнувањето на демократските процеси, а со тоа и зајакнувањето на децентрализацијата на власта во земјата. Затоа ЗЕЛС и натаму ќе ја поддржува примената на овој начин на демократско учество на граѓаните во општините. Ќе ги поддржува локалните власти да продолжат со спроведувањето на форумите во сите сегменти од работењето на локалната власт, односно ќе го поддржува активното вклучување на граѓаните во донесувањето на одлуки од важност за развој на нивната заедница, рече на крајот од своето обраќање Трајановски.

Амбасадорката на Швајцарија, Сибил Зутер Техад истакна дека швајцарската Влада ќе ја подржува локалната власт во земјата во насока на развивање на демократските процеси, сè со цел обезбедување на уедначени и квалитетни услуги за сите граѓани во земјата. Таа изрази задоволство од реализацијата на форумските сесии кои се спроведоа





## Министерката Елези: „Земјата се обврза и натаму да развива нови механизми за граѓанско учество"

